МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

ОБЛИКУВАЊЕ НА ОБЛЕКА

ЗА I - IV ГОДИНА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, 2005 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: *ОБЛИКУВАЊЕ НА ОБЛЕКА*

1.2. Образовен профил, насока и струка на кои припаѓа наставниот предмет

1.2.1. Образовен профил: *техничар за дизајн на текстил и облека*

1.2.2. Насока: *применета ликовна уметност*

1.2.3. Образование: *уметничко*

1.3. Диференцијација на наставниот предмет: *предмет карактеристичен за профилот*

1.4. Година (фаза) на изучување на наставниот предмет: *I, II, III и IV година*

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: *5 часа*

1.5.2. Број на часови годишно: *180 часа*

1.6. Статус на наставниот предмет: *задолжителен предмет*

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целите на наставата по **обликување на облека** се:

- ученикот да се здобие со знаења од областа на културата на облекување во минатото и денес;
- да ја совлада вештината на цртање на човечка фигура како основно изразно средство при креирањето на облеки од различен вид;
- да ги познава сите видови материјали за изработка на облеки;
- да се оспособи да трансформира стилска облека во современа;
- да се здобие со знаење и вештина на креирање на современа и сценска облека;
- да стекне знаења за сценските можности при презентација на сценска облека;
- да се здобие со способности за презентација на модни креации и сл.;
- да се оспособи за тимска работа во дизајн биро (под раководство на моден дизајнер) или за тимска работа при реализација на костимографски проекти (под раководство на костимограф);
- да се оспособи и за индивидуални креации и реализација на модни детали.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на содржините од наставниот предмет **обликување на облека**, односно постигнување на поставените цели, важна улога има покажаниот одличен успех од основното образование, односно покажаниот одличен успех по наставните предмети: ликовно образование, музичко образование, мајчин јазик и историја. Меѓутоа, најважно од с# е вродената склоност за визуелно-ликовно изразување, што се проверува преку задолжителен приемен испит и интересот и љубовта кон ликовните уметности и културата.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1. 1. Структурирање на содржините за учење и творење за I година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предмети
1. ВОВЕД	5	Ученикот: - да се здобие со информации за улогата и важноста на облекувањето во минатото и денес, од разни аспекти: културно-историски, социолошки, естетски и сл.; - да ги познава основните функции на облекувањето (практична, естетска, сталешка, забавна и др.).	Наставникот: - предава; - објаснува; - анализира репродукции.	- Историја - Историја на уметноста -Применета уметност
2. ЕЛЕМЕНТИ НА МОДНО ЦРТАЊЕ	40 (ориентационо)	- Да ги запознае пропорциите на човечкото тело во функција на креирањето облеки од различен вид; - да ги совлада основните правила на модно цртање (фигура во статична поза, со нормални и идеализирани пропорции); - да се оспособи да стилизира човечка фигура и делови: глава, раце, нозе.	- Го објаснува поимот пропорција; - демонстрира; - споредува; - коригира.	- Цртање - Цртање и сликање - Моделирање - Историја на уметноста - Акт со пластична анатомија

3. БОЈА	25 (ориента-ционо)	- Да ги запознае основните карактеристики на боите за нивна адекватна примена во облекувањето (стилско или современо); - да се упати кон примена на хармонични колористични изведби.	- Објаснува; - демонстрира; - споредува; - стимулира.	- Цртање и сликање - Историја на уметноста - Теорија на обликувањето и дизајнот
4. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ЕГИПЕТ	30 (ориента-ционо)	- Да ги запознае основните карактеристики на облекувањето во Египет; - да скицира и црта облеки според репродукции; - да стилизира облеки од односниот историски период; - да трансформира облеки од овој период, приспособени на современите модни тенденции или за соодветна сценска адаптација.	- Објаснува; - демонстрира; - споредува; - стимулира; - ги оценува задачите.	- Историја - Историја на уметноста - Цртање и сликање
5. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО СТАРА ГРЦИЈА	30 (ориента-ционо)	- Да ги запознае основните карактеристики на облекувањето во стара Грција; - да стилизира облеки од односниот историски период; - да скицира и црта облеки според репродукции; - да трансформира облеки од овој период – приспособени на современите модни тенденции или за соодветна сценска адаптација.	- Објаснува; - демонстрира; - коригира; - ги оценува задачите.	- Историја - Историја на уметноста - Цртање и сликање

6. ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ НА РИМСКОТО ЦАРСТВО	30 (ориента-ционо)	- Да ги запознае основните карактеристики на облекувањето во периодот на Римското Царство; - да стилизира облеки од односниот историски период; - да трансформира облеки од римскиот период – приспособени на современите модни тенденции или за сооветна сценска адаптација.	- Објаснува; - демонстрира; - стимулира; - ги оценува зада-чите.	- Историја - Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот
7. ПРОЕКТИРАЊЕ НА ЕДНОСТАВНИ МОДНИ ОБЛЕКИ	30 (ориента-ционо)	- Да се воведе во проектирање на конкретни современи облеки (пончо, туника, елек, здол-ниште и сл.).	- Објаснува; - демонстрира; - стимулира; - ги оценува задачите.	- Дизајн продукт со технологија за дизајн на облека.

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4. 1. 2. Структурирање на содржините за учење и творење за II година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ЕЛЕМЕНТИ НА МОДНО ЦРТАЊЕ - Контрапост	20 (ориента-ционо)	Ученикот: - да ги утврди пропорциите на машкото и женското тело како основна изразна форма во понатамошната работа; - да совлада и утврди цртање на фигура во статична поза, контрапост и движење; - да го совлада и објаснува поимот за пропорција.	- Наставникот: - анализира репро-дукции и списанија; зборува и објаснува; - демонстрира; - споредува; - стимулира.	- Акт со пластична анатомија - Цртање и сликање
2. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ПЕРИОДОТ НА ВИЗАНТИЈА	25 (ориента-ционо)	**-** Да ги познава карактеристиките на средновековниот византиски начин на обле-кување; - да совлада апликација на облеката за сценски потреби; - да трансформира и стилизира облеката од периодот на Византија во современа облека приспособена на модните трендови.	- Подготвува визуелен материјал; - зборува и објаснува; - демонстрира; - коригира; - ги оценува задачите.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на облику-вањето и дизајнот

3. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ПЕРИ-ОДОТ НА РОМАНИКА -ТА	20 (ориента-ционо)	- Да совладува во цртежот пропорции, линија, боја, поставка на цртеж; - да владее со основните карактеристики на облеката: форма, боја, детали, фризура и др.; - да трансформира облека од периодот на романиката во современа облека.	- Подготвува визуелни мате-ријали од струч-на литература и списанија; - објаснува.	- Историја на уметноста; - Цртање и сликање - Теорија на облику-вањето и дизајнот
4. ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ НА ГОТИКАТА	25 (ориента-ционо)	- Да ги познава карактеристиките на готската облека и да владее со основните особености на машка и женска облека и силуетата; - да изработува вежба со основните ликовни елементи; - да трансформира и стилизира готски елементи во современа облека.	Наставникот: - подготвува визуелен материјал од стручната литература; - зборува и објаснува; - коригира; - оценува задачи.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Текстил - Теорија на форма и боја
5. ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО СРЕДНИОТ ВЕК ВО МАКЕДОНИЈА	20 (ориента-ционо)	- Да ја совладува формата и силуетата и основните карактеристики на облеката од овој период; - да е оспособен за решавање на ликовните проблеми; - да ги применува законитостите за трансфор-мација и стилизација од историска во современа или модна облека.	- Подготвува стручна литература; - демонстрира; - зборува и објаснува; - коригира; - оценува задачи.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот

6. ОБЛЕКУВАЊЕТО ВО ИТАЛИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК И РЕНЕСАНСАТА	20 (ориента-ционо)	- Да ги познава основните карактеристики – форма, боја, детали и др. на облеката од период на ренесансата; - перманентно да ги совладува ликовно-естетските проблеми; - да ги применува законитостите во начинот на трансформирање и стилизација на историската во модна облека; - да ја совлада и користи ликовната техника на акварел.	- Подготвува стручна литература; - зборува и објаснува; - демонстрира; - коригира; - стимулира; - споредува; - оценува задачи.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот
7. РЕНЕСАНСА ТА СО ВЛИЈАНИЕ ОД ШПАНСКАТА МОДА	20 (ориента-ционо)	- Да ги познава и користи основните карактеристики на облеката од овој период; - да ја надградува способноста за трансфор-мација и стилизација со помош на карактерис-тични елементи, материјали, колорит, орнаменти во современа облека.	- Наставникот: - подготвува стручна литера-тура; - демонстрира; -организира посе-та на изложба, музеј, саемска поставка.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на форма и боја - Текстил.

8. МАКЕДОНСКА НАРОДНА НОСИЈА	20 (ориента-ционо)	- Да црта носии од разни делови на Македонија и совладува основни обележја на народната носија; - да совладува и ликовно претставува карактеристични орнаменти; - да трансформира народна носија во современа облека со помош на стилизира-ни елементи од македонскиот фолклор; - да совладува проблем на мала колекција и индустриска кежуал облека.	- Подготвува визуелен матери-јал од стручна литература; - демонстрира; - зборува; - објаснува; - коригира; - стимулира; - оценува задачи; - споредува.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот
9. ПОСЕТА НА ЕТНОЛОШКИ МУЗЕЈ – ФУНДУСИ НА ТЕАТРИ И ТВ, МОДНИ РЕВИИ НА МОДЕСТ	10 (ориента-ционо)	- Да стекнува навики на следење на културните настани и ликовно-естетски движења; - да ги следи континуирано трендовите и естетското поврзување во целина, како начин на размислување и делување во модниот дизајн.	Наставникот: - разговара; - објаснува - споредува.	- Историја на уметноста

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4. 1. 3. Структурирање на содржините за учење и творење за III година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ВОВЕД	1	Ученикот: - Да ги познава содржините и методските единици кои ќе се учат и работат во текот на учебната година.	Наставникот: - објаснува; - препорачува литература; -покажува репро-дукции и ученички творби.	- Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот - Историја на уметноста.
2. МОДНО ЦРТАЊЕ	19 (ориента-ционо)	- Да умее да црта фигура во разни пози; - да проектира женска наметка – пончо; - да изработува ликовна вежба со светло – сенка (на драперија).	- Зборува; - објаснува; - подготвува визуе-лен материјал; - коригира; - стимулира; - оценува задачи.	- Цртање и сликање - Теорија на облику-вањето и дизајнот - Историја на уметноста - Акт со платно, анатомија.

3. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ПЕРИОДОТ НА БАРОКОТ (ФРАНЦУСКО И ШПАНСКО ВЛИЈА-НИЕ) XVII ВЕК	30 (ориента-ционо)	- Да ги познава карактеристиките на барокниот стил во облеката; - да анализира и црта барокна историска облека; - стилизира облека за сценски потреби; - да трансформира барокна облека во современа, усогласено со модните трендови; - да користи разна ликовна техника: темпера – акварел, пастел.	- Зборува; - објаснува; - подготвува визуе-лен материјал; - коригира; - стимулира; - оценува задачи.	- Цртање и сликање - Теорија на облику-вањето и дизајнот - Историја на уметноста - Архитектура
4. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО РОКОКО СТИЛОТ XVIII ВЕК	30 (ориента-ционо)	- Да ги воочува карактеристиките на облеката од XVIII век; - да црта и копира историјска облека по репродукции; - да трансформира стилска во современа облека; - да бои и слика проекти и да ја совладува акварелната техника.	- Подготвува визуелни матери-јали од стручна литература; - зборува; - стимулира; - оценува задачи.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Акт со пласт. анатомија - Теорија на обли-кувањето и дизајнот

5. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ВТОРАТА ПОЛОВИНА НА XVII век - ДИРЕКТОАР И АМПИР – СТИЛОТ	30 (ориента-ционо)	- Да ја запознава модната силуета и елементите кои ја сочинуваат историската облека; - да црта по репродукции; - да трансформира од стилска во современа облека; - перманентно да ја усовршува акварелната техника на сликање.	Наставникот: - подготвува визуел-ни материјали од стручна литерату-ра; - објаснува; - споредува; - оценува задачи.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обликувањето и дизајнот
6. ОБЛЕКУВАЊЕ-ТО ВО ПРВАТА ПОЛОВИНА НА XIX век - БИДЕРМАЕР СТИЛ	30 (ориента-ционо)	- Да ги запознава карактеристиките на облеката; - црта по репродукции; - да анализира и трансформира во современа облека.	- Демонстрира; - зборува; - објаснува; - споредува; - оценува.	- Историја на уметноста - Цртање и сликање - Теорија на обли-кувањето и дизајнот
7. ОБЛЕКАТА ВО ВТОРАТА ПОЛО-ВИНА ОД XIX век - МОДАТА НА ТУРНИРИ "С" СИЛУЕТА	30 (ориента-ционо)	- Да ја познава историската модна силуета, детали, орнаменти, колорит; - да црта и слика по репродукции и според сопствената фантазија; - да трансформира од стилска во современа облека.	Наставникот: - подготвува визу-елен материјал од стручна литерату-ра; - објаснува; - оценува.	- Историја на уметноста - Акт со пл. анатомија - Цртање и сликање

8. КРЕИРАЊЕ НА МОДЕЛИ ВО ФОЛК СТИЛ	10 (ориента-ционо)	- Да умее да трансформира македонска народна носија во современа облека; - континуирано да негува способност за лесен моден цртеж; - да проектира елементи (појаси, вез на одредени делови на облеката, торби и др.) со етноелементи.	Наставникот: - подготвува визуе-лен материјал од стручна литера-тура; - зборува, објаснува; - споредува, стимулира, оценува.	- Теорија на форма и боја - Историја на уметноста - Текстил - Акт - Цртање и сликање

4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1.4. Структурирање на содржините за учење и творење за IV година

Тематски целини	Број на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предмети
1. ВОВЕД	1	-Ученикот: - да ги запознава содржините и наставните единици кои ќе се изучуваат во текот на годината.	Наставникот: - зборува; - објаснува; - демонстрира.	

2. ПРОЕКТИРАЊЕ НА МОДЕЛИ ОД ТРИКОТАЖА	19 (ориента-ционо)	- Да ја изучува трикотажата како специфи-чен материјал; - да проектира специфични елементи на облека (џемпери, елеци, едноделни и дводелни комплети).	- Зборува; - објаснува; - покажува уче-нички творби; - коригира; - стимулира; - оценува.	- Текстил - Акт - - Теорија на обликувањето и дизајнот - Цртање и сликање.
3. ДЕТСКА ОБЛЕКА	30 (ориента-ционо)	- Да ја запознава специфичноста на облеката за деца, формата, колоритот, намената, функционалноста; - да изработува модели за претшколска возраст и работна облека за деца; - да проектираа секојдневна детска облека; - да ги проучува и применува пропорциите на детското тело.	- Подготвува визу-елен материјал; - зборува; - објаснува; - коригира; - стимулира; - оценува.	- Текстил - Акт - Теорија на обликувањето и дизајнот - Цртање и сликање.
4. ЈАПОНСКИОТ НАЦИОНАЛЕН КОСТИМ - КИМОНО -	20 (ориента-ционо)	- Да ја запознава карактеристичната јапонска облека и култура на живеење; - да црта според репродукции; - да трансформира јапонска во современа облека.	Наставникот: - подготвува визуе-лен материјал; - објаснува; - коригира; - оценува.	- Историја на умет. - Акт со пласт. анат. - Цртање и сликање - Теорија на обли-кувањето и дизајнот

5. ЧАРЛСТОН СТИЛ XX век	20 (ориента-ционо)	- Да го запознава чарлстон стилот и карактеристичната модна силуета од почетокот на XX век; - да црта и копира според репродукции; - да трансформира во современа облека.	Наставникот: - подготвува визуелен материјал; - зборува; - објаснува; - коригира.	-- Историја на умет. - акт со пласт. анат. - цртање и сликање - теорија на обликув. и дизајнот.
6. ПРОЕКТИРАЊЕ НА ТЕАТАРСКИ КОСТИМ (ЗА ДРАМА, КОМЕДИЈА,ТРАГЕДИЈА)	30 (ориента-ционо)	- Да ги согледува улогата на костимографијата на сценско дело; - да запознава одредени ликови; - да ја согледува потребата од стилско единство; - да анализира поделба на карактери.	- Подготвува визуелен материјал; - демонстрира ученички творби; - објаснува; - коригира; - оценува.	- Историја на умет. - акт со пласт. анат. - цртање и сликање - теорија на обликувањето и дизајнот - психологија
7. ПРОЕКТИРАЊЕ НА СЦЕНСКИ КОСТИМ - БАЛЕТСКИ КОСТИМ -	30 (ориента-ционо)	- Да ги запознава карактеристиките на балетскиот костим; - да ги воочува законитостите и правилата при проектирање на балетскиот костим; - да забележува и настојува да внесе стилско единство во креациите.	- Приготвува визуелен материјал; - зборува; - објаснува; - коригира; - оценува.	- Историја на умет. - Акт со плас. анат. - Цртање и слик. - теорија на обликувањето и дизајнот

8. ПРОЕКТИРАЊЕ НА МОДЕЛИ ОД КОЖА	15 (ориента-ционо)	- Да ги запознава карактеристиките на материјалот и неговото специфично обликување (дизајнирање); - да ги познава видови кожа и нивната намена; - да изработува нацрти за апликации - детали од кожа на облека; - да проектира дел од облека од кожа.	- Приготвува визуе-лен материјал; - демонстрира; - објаснува; - коригира; - оценува.	- Историја на умет. - Акт со плас. анат. - Цртање и слик. - Теорија на обли-кувањето и дизајнот
9. ПРОЕКТИРАЊЕ НА КОСТУМИ ЗА КАПЕЊЕ	15 (ориента-ционо)	- Да ја познава наменската улога на облеката и нејзиниот специфичен облик; - да ги познава и користи законитостите и правилата при проектирање на костумите за капење.	- Приготвува визуе-лен материјал; - демонстрира; - објаснува; - коригира; - оценува.	- Цртање и сликање - Акт со пласт. анатомија.

4.2. Наставни методи и активности на учење

За остварување на целите на наставниот предмет **обликување на облека** ќе се применуваат следните наставни форми и методи:

- фронтални предавања сврзани со теоретскиот дел на тематските целини и индивидуална работа на учениците и при вршењето на коректорите;

- ќе се користат методите: разговор, лабораториско-експериментална работа (практично – творечка работа), демонстрација на ликовно-естетски идеи и резултати, преку прикажување на репродукции, слајдови, модни списанија, видеопрограми, графички прикази и друг вид нагледни средства;
- давање стручни инструкции и упатства за реализација на задачите што произлегуваат од тематските целини;
- активно следење на процесот на реализација на поставените задачи во текот на наставата и на оние предвидени како задолжителни домашни задачи;
- коригирање;

- оценување на резултатите.

Ученикот ќе ги совладува наставните содржини преку:
- континуирано следење на наставните содржини;
- континуирано следење на демонстрираниот – илустративен материјал;
- следење на насоките и упатствата и практично – творечка реализација на поставените задачи.

Наставникот ќе користи различни постапки во работата: ја организира работата, подготвува дидактички средства, разговара, објаснува, демонстрира, упатува, стимулира, врши коректури и ги оценува учениците и др.

4.3. Организација и реализација на наставата по обликување на облека

Наставата ќе се реализира во ателје за обликување на облека, а делумно и во работилницата за дизајн продукт со технологија за дизајн на текстил и облека. Дел од стручната настава ќе се реализира и преку вонучилишна индивидуална активност (по една недела во двете полугодија), во вид на домашна работа или преку вклучување во процесот на работа во определен погон или дизајн биро за креирање на облека, посета на ревии на мода, саеми, музеи и др.

4.4. Наставни средства и помагала

За постигнување на што поефикасни резултати потребни се повеќе наставни средства и помагала, како: школска табла, модни манекенски фигури (машка и женска) – за модно цртање, кројачко торзо, маса за кроење со потребните алатки за кроење, машина за шиење, компјутер со печатар, дијапроектор, епидијаскоп и др.

За таа намена ќе се користат репродукции во функција на наставните содржини, слајдови, модни списанија и основната литература најдиректно сврзана со проблематиката на наставниот предмет.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето се врши преку континуирано следење на здобиените знаења и врз основа на покажаната вештина на визуелно-ликовен план при секоја поставена задача.

На крајот од секоја тематска целина, задачите на сите ученици подлежат на групна оценка за постигнатите резултати во која учествуваат сите ученици. Најуспешно извршената задача наставникот ја истакнува и посебно ја анализира.

Оценувањето за покажаните резултати на учениците се регистрира во текот на целата година (во текот на тримесечјата, првото и второто полугодие и на крајот на учебната година).

Доколку ученикот не покаже задоволителни резултати, се упатува на поправен испит.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

За да се оствари висококвалитетна стручна работа, наставникот треба да ги поседува следните **персонални, стручни и педагошки критериуми:** да е физички и психички здрав, да има соодветно стручно образование, да биде обучен во рамките на барањата што ги поставува законот, да нема физички (говорни, визуелни) мани кои го попречуваат вршењето на дејноста и да поседуваат способности за квалитетна комуникација со учениците и други лица. Наставникот треба да поседува креативни, организациони и други способности кои овозможуваат унапредување на наставниот процес.

6.2. Стандард за наставен кадар

1. Факултет за применети уметности – оддел костимографија; дизајн на облека.
2. Факултет за ликовни уметности, насока историски костим со модно креирање.
3. Факултет за ликовни уметности – педагошки оддел, насока историски костим со модно креирање.
4. Факултети за ликовни уметности каде се специјализира кадар за костимографија и моден дизајн.

Наставникот треба да има стекнато педагошко-психолошка и методска подготовка на факултетот за ликовни уметности.

Стручното лице треба да биде афирмиран ликовен творец од областа на дизајнот на текстил и облека.

6.3. Стандард за простор за наставниот предмет

Реализацијата на целите и задачите на наставниот предмет ќе се одвива во креаторска работилница – ателје, со потребната опрема според Нормативот за училиште за применета уметност.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: април 2000 година
7.1.1. Преземено: јуни 2005 година

7.2. Состав на работната група:
- Д-р Ѓорѓи Здравев, академски сликар – костимограф, вонреден професор на ПМФ - Скопје
- Лира Грабул, дипл. сликар костимограф проф. во ДСУПУ "Лазар Личеноски" – Скопје.

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2005 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТ А ПРОГРАМА

Наставната програма за предметот **обликување на облека** ја одобри министерот за образование со Решение бр. 11 - 2555/2 од 11.7.2000 година.